# РАМКА ЗА ИНТЕГРИРАЊЕ НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ И СОЦИЈАЛНАТА ИНКЛУЗИЈА ВО КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



# Содржина

**Вовед** ........ 3
**Зошто е важна анализата за РЕСИ** ........ 4
**Примери на земји со добри пракси за анализа на РЕСИ** ........ 5
**За РЕСИ рамката** ........ 6
**Корист од примена на РЕСИ рамката** ........ 7
**За кого е наменета** ........ 7
**Структура на рамката** ........ 8
**Водич со прашања за анализа на РЕСИ** ........ 8
**ПРВ ДЕЛ: Оправданост за донесување на политиката** ........ 9
Табела 1: РЕСИ проценка за ОПРАВДАНОСТ за донесување на политиката ........ 9
Општа оценка за вклученост на РЕ за донесување на политиката ........ 10
Наоди и препораки за подобрување на политиката од аспект на РЕ ........ 11
**ВТОР ДЕЛ: Спроведување на политиката** ........ 12
Табела 2: РЕСИ проценка за СПРОВЕДУВАЊЕ на политиката ........ 12
Општа оценка за вклученост на РЕ во спроведување на политиката ........ 14
Наоди и препораки за спроведување на политиката од аспект на РЕСИ ........ 15
**ТРЕТ ДЕЛ: Следење и евалуација на политиката** ........ 16
Табела 3: РЕСИ проценка за СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА на политиката ........ 16
Општа оценка за вклученост на РЕСИ во спроведување на политиката ........ 17
Наоди и препораки за следење и евалуација на политиката од аспект на РЕ ........ 18
**Речник на поими** ........ 19
**Анекс А Помошна алатка на прашалникот за анализа на РЕСИ** ........ 21
Табела 1: РЕСИ проценка за ОПРАВДАНОСТ за донесување на политиката ........ 21
Табела 2: РЕСИ проценка за СПРОВЕДУВАЊЕ на политиката ........ 23
Табела 3: РЕСИ проценка за СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА на политиката ........ 26
**Анекс А: РЕСИ Семафор – Брз водич за оценка на политиката** ........ 27
**Анекс Б: Листа за проверка за интегрираноста на РЕСИ во политиките** ........ 29
**Библиографија** ........ 32

## Вовед

Родовата еднаквост и социјалната инклузија (РЕСИ) се од суштинско значење за постигнување на глобалните цели за одржлив развој. Се поголем број на истражувања укажуваат на фактот дека со интегрирање на РЕСИ во различни сфери на општественото живеење се унапредува здравјето и социјалната благосостојба на луѓето. Преку соодветна примена на концептот на РЕСИ при креирањето на националните политики[1] се промовира култура на трансформација на општеството со цел соодветно и праведно да се одговори на социо-економските потреби на жените, ранливите и маргинализираните групи. Дополнително овој концепт има суштествена општествена вредност, бидејќи се анализираат основните причинители за социјалната ранливост кои придонесуваат кон родовите нееднаквости и социјалната исклученост. Тука зборуваме за ограничувачките социо-културолошки норми, нееднаквата распределба на моќта по разни основи и слабите институции кои не можат да одговорат на потребите на жените и ранливите заедници. Затоа промовирањето на концептот на РЕСИ во развојот на политиките е витален за да може државата да ги реши предизвиците на најранливите групи и да се заложи за инклузивен одржлив општествен развој.

Концептот на родова еднаквост и социјална инклузија (РЕСИ) се однесува на нееднаквата распределба на моќта меѓу луѓето врз основа на нивниот пол, род, возраста, капиталот, местото на живеење, етничката припадност, попреченоста или пак нивна комбинација (но не исклучувајќи и други основи на маргинализација, зависно од социјалниот контекст на државата). Концептот се фокусира на потребата активно да се дејствува во општеството со цел да се избалансираат што е можно повеќе односите на моќ, да се намалат разликите меѓу луѓето и да се обезбедат еднакви права, можности, ресурси и почитување на сите поединци без оглед на нивниот социјален статус.

Родовото „интегрирање“[2] е официјално усвоено како глобална стратегија пред 30 години од страна на Обединетите нации (ОН), за време на Меѓународната конференција за жените во Пекинг во 1995 година. Оттогаш, оваа стратегија се применува од речиси сите меѓународни развојни организации при развивање на политиките и програмите за помош на земјите во развој за да се унапредат концептите на родовата еднаквост и зајакнувањето на жените. Денес постои обемна литература поврзана со родовото „меинстримирање“, почнувајќи од политички изјави и меѓународни конвенции, регионални и национални стратегии и акциски планови, прирачници, учебници, водичи и алатки за проценка, евалуации итн. Сепак, во поново време, се повеќе организации се обидуваат да ги поврзат стратегиите на родовото „меинстримирање„ со други сродни концепти како „инклузија“, „различност“ или други идентитетски карактеристики како на пример „попреченоста“. Токму овој поширок концепт е земен како основа за подготовка на рамката со која ги анализираме политиките и програмите од перспектива на родовата еднаквост и социјалната инклузија, отколку политиките да се третираат само преку родот како во случајот со родовото „меинстримирање“.

---

[1] Се однесува на програми, акциски планови, стратегии, регулативи и други документи усвоени како акти од органите на националната или локалната власт

[2] анг. Gender Mainstreaming

## Зошто е важна анализата за РЕСИ

Родовата еднаквост е важно човеково право и еден од главните причинители за развојот, прогресот и стабилноста на секое општество. За да разбереме зошто анализата за РЕСИ е важна во развојот на политиките, во продолжение се дадени факти за контекстот во кој живееме, во светот и во нашата држава, а кои ги отсликуваат нееднаквостите и нееднаквата распределба на моќта и пристапот до можности кај луѓето.

- Луѓето со попреченост се меѓу најсиромашните, најранливите и маргинализираните групи во општеството. Тие често се исклучени од економскиот и социјалниот живот и немаат еднаков пристап до образование, здравство, јавен транспорт, вработување и културни настани. Стапката на вработување на луѓето со попреченост на глобално ниво е околу 44%[3].

- Во услови на хуманитарни кризи (природни катастрофи, војни, миграции), веројатноста лицата со попреченост да починат е два до четири пати поголема во споредба со општата популација.

- На глобално ниво, жените учествуваат со 22,5%[4] во Парламентите на државите. Традиционалните системи на владеење во голема мера го отежнуваат пристапот на жените и нивно учество во телата за донесување одлуки на сите нивоа на власта. Во 2024 година, само 13%[5] се министерки во Владата на Република Северна Македонија. На локално ниво, од 2021 година само 2,5%[6] се избрани за градоначалнички.

- На глобално ниво една од три жени/девојки се жртви на физичко и/или сексуално насилство. Насилството врз жените ги нарушуваат социјалните односи меѓу луѓето и ги спречуваат жените да постигнат социјална и економска еднаквост. Во 2022 година, од вкупно 1.117 кривични дела во земјата поврзани со семејно насилство, жените се жртви во 79%[7] од случаите.

- Секој ден, околу 800[8] жени во светот умираат од причини поврзани со бременоста и породувањето, а кои можат да бидат навреме спречени и превенирани. Само 33% од жените во Република Северна Македонија редовно посетуваат гинеколог[9].

- На глобално ниво околу 50% од работоспособните жени се вработени, во споредба со 77% од мажите[10]. Жените и понатаму работат на ниско платени работни места и

---

[3] World Health Organization, "World Report on Disability", Geneva, 2011. Достапно на www.who.int/disabilities/world_report/2011

[4] World Bank (2011), World Development Report 2012. Достапно на documents.worldbank.org/.../492221468136792185/Main-report

[5] Влада на Република Северна Македонија, достапно на https://vlada.mk/vlada-ministerstva

[6] Реактор, “Локални избори 2021. Осврт на кандидатските листи за градоначалници и избраните носители од родов аспект“ Ноември 2021. Достапно на https://reactor.org.mk/wp-content/uploads/2021/11/analiza_od_rodov_aspekt_lokali_izbori.pdf

[7] Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, “Семејно насилство во 2022„. Достапно на https://mk.voanews.com/a/tepanja-siluvanja-kidnapiranja-zagrizuvacki-sostojbi-so-semejnoto-nasilstvo/7006568.html

[8] УНИЦЕФ. Достапно на http://data.unicef.org/topic/maternal-health/maternal-mortality/

[9] Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија. “Годишен извештај 2022 година„ 2023. Достапно на https://fzo.org.mk/sites/default/files/2023-06/godisen-izvestaj-2022.pdf

во просек заработуваат помеѓу 70% - 90% од она што го заработуваат мажите. Жените би можеле да го зголемат својот приход за 76%[11] ако разликата во учеството на пазарот на трудот и јазот на платите помеѓу мажите и жените се надмине. Ако ова се случи, на светот ќе му донесе глобална вредност од 17 трилиони долари. Во Република Северна Македонија 38,3% од вработените во државата се жени, а само 19% жени се работодавачи.

- Во просек, жените поминуваат 3 часа повеќе во грижа за домот и семејството за разлика од мажите во земјите во развој и 2 часа повеќе на ден во развиените земји. На глобално ниво, жените ја вршат поголемиот дел од неплатената нега, а им се платени само 25-50% од вкупните часови кои ги работат во грижата за домот и семејството[12] . Жените во Република Северна Македонија сочинуваат 66,4% од неплатените семејни работници, со далеку повеќе изразени разлики во руралните области[13].

- Со влошување на климата и климатските промени се забрзуваат ризиците за најранливите луѓе во општеството.

## Примери на земји со добри пракси за анализа на РЕСИ

CSSF (Conflict, Stability and Security Fund) е основан од страна на владата на Велика Британија во 2015 година со цел да се понуди сеопфатен одговор за справување со најсложените предизвици поврзани со националната безбедност и за промоција на меѓународниот мир и стабилноста. CSSF во својата работа се заложува да известува за програмските придонеси и финансиските обврски за родовата еднаквост и социјалната инклузија низ проектите/програмите кои се реализираат преку фондовите за помош на владата на Велика Британија . Оперативната рамка го обврзува CSSF да ја следи вклученоста и влијанието на нивните активности (преку меѓународната помош) врз луѓето кои се посебно заштитени согласно **Законот за еднаквост** (Equalities Act) на Велика Британија. CSSF **GESI** (Gender Equality and Social Inclusion) **маркерот** е посебна политика усвоена од страна на CSSF која овозможува да се следат тековните финансиски трошоци за родова еднаквост согласно владината финансиска поддршка за економскиот развој на земјите во развивање.

GESI маркерот е достапен на **https://assets.publishing.service.gov.uk/media/66670bb43d0e9a43f75f63cb/ISF_GESI_Marker__Guidance_.pdf**

Во **Непал** е оформена посебна **работната група за родова еднаквост и социјалната инклузија** која е составена од повеќе национални и меѓународни партнери. Таа претставува платформа за учење и координација за поддршка на државата во интегрирање на родовата еднаквост и социјалната инклузија во националните

[10] 15 Government of Australia, Department of Foreign Affairs and Trade, Gender equality and women's empowerment strategy, February 2016
[11]Actionaid, 2015, "Close the Gap! The cost of inequality in women's work," p. 9
[12] УН Жени. Достапно на http://www.unwomen.org/en/what-we-do/economic-empowerment/facts-and-figures
[13] Државен Завод за Статистика на Република Северна Македонија. "Жените и Мажите во Северна Македонија". 2021. Достапно на https://www.stat.gov.mk/publikacii/2021/Gender%202021.WEB.pdf

политики. Членовите на групата веруваат дека иако РЕСИ е сложен концепт, кога тој е доволно разбран и операционализиран во рамките на специфичниот културен, историски и социо-економска контекст, може да има големо влијание за трансформирање на општеството во поправедно и поинклузивно. Оваа група пред неколку години подготви **Заедничка концептуална рамка** која е прифатена од страна на Владата на Непал. Целта на оваа рамка е да се зајакне координираниот пристап во развојот на државата од аспект на социјалната инклузија и родовата еднаквост. Иако Непал постигна значителен напредок во решавање на прашањата за родовата еднаквост и социјалната инклузија последните години, сепак, и понатаму голем дел од населението на Непал е дискриминирано заради својот род, родов идентитет или социјален статус.

Концептуалната рамка за родова еднаквост и социјална инклузија е достапен на **https://un.org.np/sites/default/files/doc_publication/201901/GESI%20Framework_English%2020.07.2017_opt.pdf**

## За РЕСИ рамката

Оваа рамка е дизајнирана во форма на водич со прашања која ќе им овозможи на оние кои ја применуваат да направат анализа и дадат оценка за интегрираноста на концептот на РЕСИ во политиките на државата. Рамката може да се користи и во процесот на подготовка на конкретна политика со кои се анализираат проблемите, потребите и очекувањата на жените и други социјално-ранливи групи за различни општествени прашања. Рамката тргнува од фактот дека родот е општествено препознаен како еден од повеќекратните фактори на маргинализација. Другите фактори на маргинализација ги вклучуваат (иако не се до крај ограничувачки и зависат од социјалниот контекст на државата) попреченоста, возраста, брачниот статус, етничката припадност, религиозните сфаќања, сексуалната ориентација и родовиот идентитет. Крајната цел со примена на рамката е да се идентификува како политиката ќе постигне позитивна промена во животот и благосостојбата на жените и другите ранливи заедници. Дополнително, со нејзина примена се овозможува да се идентификуваат конкретни пристапи и мерки како да се надминат родовите нееднаквости и дефинираат стратегии кои промовираат поголема партиципација и зајакнување на ранливите групи на граѓани. Со оглед на тоа што ниту жените, ниту мажите преставуваат хомогена група, а дополнително родовите релации се интерсекцираат[14] (испреплетуваат) со разни основи кои произлегуваат од социјалниот идентитет на луѓето (религија, возраст, здравствен статус, етничка припадност, сексуална ориентација и друго), со анализа на овие релации се избегнува ризикот од засилување на постојните нееднаквости и ограничување кои оневозможуваат поголемата општествена партиципација на жените и ранливите категории на граѓани. На крај, со примена на рамката ќе се зајакне релевантноста, ефективноста и

[14] Интерсекционалноста нуди нов начин на размислување за комплексностите поврзани со родовата еднаквост и социјалната инклузија. Тоа не е пристап кој ќе ни даде конечни одговори на општествените проблеми на луѓето, туку го преформулира нашето разбирање за маргинализацијата поврзана со родот и родовата еднаквост при што "создава простор за рефлексивно размислување и критички ангажман". Примената на интерсекционалните „очила„ помага да се поврзат човековите права со повеќе форми на дискриминација што луѓето ја доживуваат, пред се жените и социјално-ранливите и маргинализирани групи.

влијанието на националните и локалните политики од перспектива на родовата еднаквост и социјалната инклузија. Рамката е базирана и адаптирана од веќе постоечки меѓународни документи за анализа на РЕСИ во различни програми, проекти или за структурите за менаџирање во различни организации. Прашањата треба да се третираат како базична рамка, со напомена дека може да се користат и други ресурси за да се постигне поголема комплементарност при оценување на степенот на интегрираност на РЕСИ во политиката која е предмет на анализа.

Со примена на рамката за РЕСИ се тежнее кон избегнување на вообичаените општествени стереотипи и генерализирање на потребите на различни поединци. Рамката го препознава и уважува фактот дека животните искуства на жените и мажите се разликуваат – па затоа и нивните ставови, нивните потреби и приоритети, исто така, ќе бидат различни. Теоријата на РЕСИ препознава дека користењето на идентични пристапи за сите луѓе не можат да бидат ефективни за да се излезе во пресрет на различните потреби на жените, мажите и социјално-ранливите групи на граѓани.

## Корист од примена на РЕСИ рамката

Целта која сакаме да ја постигнеме со примена на рамката е да се препорачаат конкретни активности (акции) со кои ќе се унапреди подготовката, спроведувањето и следење на политиките на национално или локално ниво. При тоа, со рамката ќе се:

- идентификуваат можности како да се намалат родовите и други нееднаквости и да се зајакнат потребите на жените и на лицата кои се сиромашни, социјално-ранливи или припаѓаат на некоја маргинализирана заедница;

- разбере нивото на усогласеност на политиката со националното законодавство за родова еднаквост и другите релевантни политики кои се од стратешка важност и ја третираат родова еднаквост и социјалната исклученост;

- придонесе кон обезбедување на повеќе податоци и факти базирани на докази кои се потребни за соодветно финансирање при спроведување на политиките.

## За кого е наменета

Оваа рамка е наменета да се користи од страна на претставници на експертски тела, комисии, работни групи за родова еднаквост во рамки на националната и локалната власт и одговорните лица за родова еднаквост во рамки на министерствата и другите органи на државната управа. Рамката може да ја користат и други назначени органи и тела од институциите на системот или интер-секторски групи во кои постојат капацитети и искуство во спроведување на родови анализи. На крај, оваа рамка може да се користи и од страна на други организации, вклучително и од граѓанскиот сектор (со одредена адаптација), како алатка за проценка на влијанието на РЕСИ во програмите, регулативите, проектите и структурите на управување.

Пред да се започне со анализа на РЕСИ (било да се работи за политика, проект или програма) запрашајте се за следново: (*овие прашања/изјави може да делуваат инспиративно кај членовите од групата за да се постигне подобар квалитет на анализата и сеопфатно да се интегрира концептот на РЕСИ во политиката*):
1. Кој е најчестиот стереотип поврзан со родовата еднаквост или некоја маргинализирана

група во општеството или на Вашето работно место, и кои се ефектите од овие стереотипи?
2. Идентификувајте еден предизвик за родова еднаквост во општеството или на работното место и објаснете какви се влијанијата од ваквата нееднаквост.
3. Опишете ситуација во која некои луѓе се исклучени од можноста да добијат одредена јавна услуга или им се оневозможува професионален развој, кои се причините за оваа состојба и какви се последиците.
4. Објаснете како Вашите професионални и лични искуство влијаеа во оформување на Вашите ставови и пристапи за разбирањето и работењето на прашања поврзани со родот и инклузивноста на ранливите и маргинализирани групи.
5. Опишете една најчеста реакција кај Вашите колеги кога ќе се спомне терминот „род“ или „родова еднаквост“ и објаснете што тие подразбираат со своите реакции/изјави?

## Структура на рамката

Рамката е составена од три поглавја кои овозможуваат да се спроведе квалитетна ревизија на политиките на државата од перспектива на РЕСИЧ

1. Оправданост за донесување на политиката,
2. Спроведување
3. Следење и евалуација на политиката.

За секое поглавје се дава општа оценка за интегрираноста на родовата еднаквост и социјалната инклузија во политиката - преку избирање на една од шесте категории означени со 0, 1, 2, 3, 4, 5. Дополнително во сумарен наративен се презентираат клучните наоди и препораки. Во рамката е даден и анекс со речник за клучни термини поврзани со родовата еднаквост и социјалната инклузија.

## Водич со прашања за анализа на РЕСИ

Во овој дел следуваат прашањата кои даваат насока како да се интегрираат принципите на РЕСИ при креирање или ревизија на политиките. Прашањата во секое од трите поглавја се одговараат со Да, Не и Делумно. Групата/лицето одговорна за анализа, во случај на одговори со Не и Делумно, е потребно да препорача клучни акции како да се зајакнат принципите на РЕСИ во политиката. Во случај на даден одговор ДА, не е нужно да се даде/ат препорака/и, но сепак не е ниту исклучено доколку тимот/лицето одлучи спротивно. Прашањата се општи и треба да се третираат како основен водич за анализа, без разлика на секторската припадност на политиката (пр. социјална политика, образование, здравство, култура...). На крајот од секое поглавје се подготвува сумарен одговор (кратко резиме) до кој степен, а согласно одговорите, концептот на РЕСИ е вклучен во политиката која се анализира. Во резимето групата/лицето поставува приоритетни активности на кој начин треба да се подобри квалитетот на политиката во даденото поглавје со цел принципите на родовата еднаквост и социјалната инклузија да бидат што е можно подобро интегрирани, како и да бидат наведени приоритетните интервенции.

**Важно:** *Секоја политика, програма, проект може да биде предмет на родова анализа без разлика на нејзината секторска припадност.* Терминот „Не е апликативно„ не се користи во РЕСИ рамката.

## ПРВ ДЕЛ: Оправданост за донесување на политиката

Табела 1: РЕСИ проценка за ОПРАВДАНОСТ за донесување на политиката

| Прашања за проверка | ДА<br>НЕ<br>ДЕЛУМНО | Објаснување |
|---|---|---|
| 1. Дали при елаборирање на проблемите и предизвиците во државата со кој се објаснуваат причините и оправданоста за донесување на политиката се анализирани и различните социјални, културни, економски и политички состојби на жените, мажите и маргинализираните групи? | | |
| 2.Дали во анализата на проблемите и проблемите за донесување на политиката се вклучени наоди (од истражувања, национални статистички податоци) од претходно идентификувани родови нееднаквости и социјална дискриминација кои се значајни за политиката? | | |
| 3. Дали дел од проблемите и фактите кои ги идентификува политиката се однесуваат и на предизвици/недоследности поврзани со родовата нееднаквост и социјалната исклученост на одредени целни групи? | | |
| 4. Дали во фактите со кои се објаснуваат причините за донесување на политиката се вклучени разделени податоци по основ на пол, род, возраст, попреченост или друг основ на социјална ранливост или маргинализација? | | |
| 5. Ако не се презентирани разделени податоци, дали е наведена причина зошто овие податоци се исклучени во објаснување на состојбите и предизвиците кои се клучни за донесување на политиката? (пр. недостапни статистички податоци, одредени индикатори се несоодветни за да можат да се разложат по пол, род, возраст, попреченост) | | |
| 6. Дали главната/и целна група/и за кого/кои првенствено е наменета политиката се смета за исклучена или маргинализирана и дали ваквата констатација е подржана со соодветна статистика/евиденција, односно факти базирани на докази? | | |
| 7. Колку капацитетите на националната или локалната власт/нејзините институции да ја применат политиката се земени предвид во предлог политиката која делува и работи со исклучени групи на граѓани и жени,?<br>Дали во објаснување на причините и проблемите се елаборираат предизвиците | | |

| | | |
|---|---|---|
| поврзани со недоволно развиените капацитети и ресурси на органите на државната управа (или локалната власт) да може да делува и работи со ранливите групи на граѓани и/или жените за да се надминат ваквите негативни состојби? | | |
| 8. Дали во анализата на проблемите се воочуваат потенцијалните ризици кои би се појавиле со  зајакнување на концептот на РЕСИ во политиката, заедно со план како да се надминат овие ризици ( на пример во случај кога група на мажи активно би ги попречувале мерките на општината во кои се предвидуваат обуки за невработените жени за да стекнат нови вештини за работа и со тоа поактивно се вклучат на пазарот на трудот)? | | |
| 9. Дали во објаснувањето на проблемите и состојбите се посочува на изградени капацитети кои постојат во граѓанското општество кои може да придонесат кон унапредување на РЕСИ во политиката, како и за нивната улога во спроведување на политиката? | | |
| 10. Дали во објаснување на проблемите и состојбите за важноста од донесување на политиката се идентификувани проблемите и потребите на одредени целни групи од аспект на интер-секционална родова анализа (пр. се идентификувани различни бариери на пристап до социјални услуги за жените од градските средини во споредба со оние од руралните средини)? | | |
| 11. Дали постои сеопфатна интерсекционална родова анализа при објаснување на проблемите и состојбите во дадената политики за да се излезе во пресрет на потребите на различни ранливи целни групи, жените и децата? | | |

## Општа оценка за вклученост на РЕ за донесување на политиката

Во табелата подолу потребно е да се означи со (X) една од шесте категории за квалитетот на оправданоста/контекстот на донесување на политиката од аспект на родовата еднаквост (преку консензус донесен во рамки на групата која ја спроведува анализата).

Согласно добиената оценка групата ќе има подобра општа слика како е интегриран концептот на родовата еднаквост и социјална инклузија во оправданоста/ситуациона анализа на политиката.

**Оценка** **Опис**

☐ **0** Во оправданоста за донесување на политиката е **целосно исклучена** родовата анализа и не е познато како политиката би можела да има влијание во унапредување на родовата еднаквост, а дополнително постои и ризик за засилување на родовите нееднаквости.

☐ **1** Во оправданоста за донесување на политиката се вклучени **одредени аспекти** на родова анализа, но политиката не претставува опасност за генерирање родови нееднаквости, иако пак од друга страна нема есенцијално значење за родовата еднаквост.

☐ **2** Во оправданоста за донесување на политиката **постои потенцијал** политиката да има влијание во унапредување на родовата еднаквост, меѓутоа не се специфично одредени предизвиците и потребите на жените, ранливите групи, како и на институциите на системот

☐ **3** Во оправданоста за донесување на политиката, родовата анализа и специфичните потреби и проблеми на жените и други ранливи групи се соодветно адресирани, но родовата еднаквост не е една од главните причини за донесување на политиката, иако таа има **одреден** придонес кон унапредување на родовата еднаквост.

☐ **4** Во оправданоста за донесување на политиката, **родовата анализа и специфичните потреби** и проблеми на жените и други ранливи групи **се соодветно адресирани**, но родовата еднаквост не е една од главните причини за донесување на политиката, иако таа има **значаен** придонес кон унапредување на родовата еднаквост.

☐ **5** Во оправданоста за донесување на политиката, родовата еднаквост е една од главните причини за нејзино донесување и има **фундаментално** значење во унапредување на родовата еднаквост

## Наоди и препораки за подобрување на политиката од аспект на РЕ

| **Поглавје** | **Општа оценка** *(Означи оценка од 0 до 5)* | **Наоди и препораки** *Да се даде кратко објаснување (резиме) за дадената оценка (види ги главните прашања подолу кои ќе ви помогнат за сумарното резиме за оваа поглавје) .* <br><br> *Идентификувајте клучни препораки кои би ја зајакнале оправданоста за донесување на политиката од перспектива на РЕСИ.* |
|---|---|---|
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| **Оправданост за донесување на политиката** | | Наоди → 1. До која мера се вклучени податоци и факти базирани на докази при објаснување на проблемите и состојбите со кои се соочуваат групите на граѓани од интерес за РЕСИ во политиката?<br>2. Какви се капацитетите на релевантните државни органи, граѓанските организации и другите чинители кои можат да допринесат во унапредување на РЕСИ при спроведување на политиката<br>3. До кој степен е вклучена интерсекционалната родова анализа при елаборирање на предизвиците и потребите со кои се соочуваат различните групи кои се од интерес за унапредување на РЕСИ во политиката?<br>**Кратко резиме (не повеќе од 500 збора)**<br>Препораки → Идентификувајте клучни активности кои би ја зајакнале оправданоста за донесување на политиката од перспектива на РЕСИ согласно главните наоди во резимето.<br>**Клучни препораки** |

## ВТОР ДЕЛ: Спроведување на политиката

### Табела 2: РЕСИ проценка за СПРОВЕДУВАЊЕ на политиката

| **Прашања за проверка** | **ДА<br>НЕ<br>ДЕЛУМНО** | **Коментари** |
|---|---|---|
| 1. Дали во главните цели и мерките кои се предвидуваат во спроведување на политиката се вклучени аспектите на родовите нееднаквости и социјална исклученост како што се идентификувани во проблемите и оправданоста за донесување на политиката? Ако не, дали се препорачува во делот на мерките и активностите за спроведување на политиката како овие прашања/проблеми може да се надминат и/или унапредат? | | |
| 2. Дали предложените активности и мерки на политиката вклучуваат специфични акции поврзани со родот, родовата еднаквост и социјалната исклученост? Дали активностите се соодветни и го задоволуваат концептот на РЕСИ за да не предизвикаат обратен ефект, односно доведат до зголемување на нееднаквоста? | | |
| 3. Дали предложените мерки и/или активности вклучуваат пристапи како да се зајакнат жените (да се создаде заедница/група на жени и да се работи на нивна поддршка, на пример | | |

| | | |
|---|---|---|
| градење на кариерни вештини на жените, или обуки за родова еднаквост за мажи со цел нивно активно вклучување во промоција на РЕСИ, или обезбедување на можности на жените да учествуваат во креирање на политики на локално ниво, зголемен пристап до социјални услуги за жените, подигање на јавната свест на населението за надминување на родовите стереотипи и традиционалната улога на жените...) ? | | |
| 4. Дали предложените мерки и активности вклучуваат пристапи со кои ќе се зајакне положбата и капацитетите (нови вештини, знаења, пракса) на ранливите и маргинализирани групи (пр. вклучување на лица со различна попреченост за стекнување на вештини за работа, подобрување на здравствениот персонал за работа со лица со попреченост, зголемување на пристапот до социјални услуги за мигранти/бегалци, зголемување на вклученоста на лицата со попреченост во донесување на политики на национално ниво)? Кои се тие групи и дали овие групи ги оправдуваат проблемите и состојбите кои се идентификуваат во потребата за донесување на политиката? | | |
| 5. Дали во политиката се земени предвид активности и мерки за градење на знаења и вештини на различни групи (на пример активности за работа со мажи за примарна превенција од насилство, обуки на жени/други ранливи групи за стекнување дополнителни кариерни вештини за вработување, или пак семинари за претставници на органи на државната управа со цел да се сензибилизираат и имаат подобро разбирање за концептот на РЕСИ), но и да бидат негови идни промотори и застапувачи во јавниот простор? | | |
| 6. Дали во политиката се земени предвид активности за споделување на знаења и искуства (на пример меѓу НВОи и центрите за социјална работа за превенција и грижа од семејно насилство), или  евалуација на родовите аспекти и социјалната исклученост (пр. До кој степен акцискиот план за вработување на општината е ефикасен во зголемување на партиципацијата на жените на пазарот на трудот) со цел подобро да се процени влијанието на родовите нееднаквости врз зајакнувањето на потенцијалите и благосостојбата на жените? | | |
| 7. Дали во политиката, граѓанските организации/ неформални групи на ранливите | | |

| | | |
|---|---|---|
| заедници се јавуваат како спроведувачи на одредени активности и мерки согласно нивното искуство и експертиза во областа на РЕСИ? Дали тие се соодветно вклучени во активностите за да придонесат кон донесување на подобри резултати при спроведување на политиката од перспектива на РЕСИ? | | |
| 8. Дали мерките и активностите  кои се предвидуваат во политиката се во согласност и придонесуваат во подобрување на целите од Законот за еднакви можности на жените и мажите?  Ако постојат законски отстапувања, како отстапките може да се надминат со цел да се усогласат принципите на РЕСИ од политиката со законската регулатива? | | |
| 9. Дали мерките и активностите  од политиката се соодветни и ги надополнуваат целите и активностите кои се предвидуваат во релевантните области од тековната Национална стратегија за родова еднаквост? Дали постојат поголеми отстапувања и како тие може да се надминат со цел да се усогласат принципите на РЕСИ од политиката со националната стратегија? | | |
| 10.  Дали во мерките и активностите  од политиката се земени во предвид потребите на различни социјални групи од аспект на интресекциска родова анализа (пр. се идентификувани специфични активности за да се подобри пристапот до гинеколошки услуги на жените од руралните средини споредено со жените од градските средини)? | | |
| 11. Дали се наведени соодветни извори на финансирање, или други ресурси, па и конкретни буџети за спроведување на активности кои го унапредуваат концептот на РЕСИ во рамки на мерките и активностите предвидени со политиката? | | |
| 12. Дали постојат (и се соодветни) буџетите за градење на капацитети на органите на државната управа (локална власт) и/или лицата кои се одговорни за координација, спроведување на политиката за аспекти и прашања од областа на РЕСИ кои им се потребни ? | | |

## Општа оценка за вклученост на РЕ во спроведување на политиката

Во табелата подолу потребно е да се означи една од шесте категории за квалитетот на спроведување на политиката од аспект на родовата еднаквост (преку консензус донесен во рамки на групата која ја спроведува анализата).

Согласно добиената оценка групата ќе има подобра општа слика како е интегриран концептот на родовата еднаквост и социјална инклузија во спроведување на политиката.

| Оценка | Опис |
|---|---|
| ☐ **0** | При спроведување на политиката се **целосно исклучени** родово-сензитивни мерки/интервенции и не е познато како политиката би можела да има влијание во унапредување на родовата еднаквост, а дополнително постои и ризик за засилување на родовите нееднаквости. |
| ☐ **1** | При спроведување на политиката се **вклучени одредени** родово-сензитивни мерки/интервенции, политиката не се смета дека претставува опасност за генерирање родови нееднаквости, иако од друга страна нема есенцијално значење за родовата еднаквост. |
| ☐ **2** | При спроведување на политиката постои **потенцијал** политиката да има свое влијание на унапредување на родовата еднаквост, меѓутоа не се специфично одредени мерките/интервенциите и не се предвидени буџети/извори на финансирање со кои ќе се влијае на ранливите групи и на институциите на системот |
| ☐ **3** | При спроведување на политиката, родово-специфичните мерки и интервенции се задоволително адресирани, но без буџети/извори на финансирање, а дополнително родовата еднаквост не е една од главните причини за спроведување на политиката, иако таа има **одреден** придонес кон унапредување на родовата еднаквост. |
| ☐ **4** | При спроведување на политиката, родово-специфичните мерки и интервенции се задоволително адресирани, но без буџети/извори на финансирање, родовата еднаквост не е една од главните причини за спроведување на политиката, иако таа има **значаен** придонес кон унапредување на родовата еднаквост. |
| ☐ **5** | При спроведување на политиката, родовата еднаквост е една од главните цели и има **фундаментално** значење во унапредување на родовата еднаквост, во која се интегрирани родово-специфичните мерки и интервенции како и соодветни буџети/извори на финансирање |

## Наоди и препораки за спроведување на политиката од аспект на РЕСИ

| **Поглавје** | **Општа оценка** *(Означи оценка од 0 до 5)* | **Наоди и препораки** *Да се даде наративно објаснување (кратко резиме) за дадената оценка (види ги главните прашања подолу кои ќе ви помогнат за сумарното резиме за оваа поглавје) .*<br><br>*Идентификувајте клучни препораки кои би ја зајакнале оправданоста за спроведување на политиката од перспектива на РЕСИ.*<br><br>*500 зборови максимум* |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| **Спроведување на политиката** | | Наоди<br>До која мера во политиката се вклучени родово-специфични активности или мерки за подобрување на социјалната инклузија на одредени целни групи?<br>Колку резултатите на овие интервенции ќе доведат до реални промени за жените или ранливите групи или пак ќе се влијае на позитивна општествена промена?<br>Каква е вклученоста на граѓанските организациите, ранливите групи, во спроведувањето на активностите на политиката, или се работи за декларативен пристап?<br>Колку активностите предвидени во политикате се интерсекционални за да се излезе во пресрет на потребите на најранливите групи?<br>До која мера буџетите се запазени и се соодветни за спроведување на политиката, вклучително и за внатрешно зајакнување на државните органи (локалната власт) кои се одговорни за координација, спроведување и следење?<br>**Кратко резиме (не повеќе од 500 збора)**<br>Препораки<br>Идентификувајте клучни активности кои би го подобрило спроведувањето на политиката од перспектива на РЕСИ согласно главните наоди во резимето.<br>**Клучни препораки** |

## ТРЕТ ДЕЛ: Следење и евалуација на политиката

### Табела 3: РЕСИ проценка за СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА на политиката

| **Прашања за проверка** | **ДА<br>НЕ<br>ДЕЛУМНО** | **Коментари и Препораки** |
|---|---|---|
| 1. Дали во планот за координација, следење и евалуација се предвидува собирање на податоци по пол, возраст, попреченост (или друга форма на исклученост) за да подобро се информира/се следи ефикасноста на резултатите од спроведување на политиката од значење на РЕСИ? | | |
| 2. Дали во политиката се планира формирање на посебно тело за следење и евалуација и ако да, | | |

| | | |
|---|---|---|
| дали во нивните задачи е наведено следење на прогресот од аспект на РЕСИ? Дали жените и маргинализираните групи се партиципативно вклучени во рамки на телото и планот за следење и евалуација на мерките и активностите од политиката? | | |
| 3. Дали во планот за следење на политиката се вклучуваат средби за рефлексија или работилници со разни чинители за да се разговара дали и во која мера концептот на РЕСИ е земен во предвид при спроведување на политиката? | | |
| 4. Дали индикаторите/резултатите од планот за следење се соодветно родово-димензионирани и инклузивни на потребите на одредени ранливи или маргинализирани групи (постои ли интерсекционален пристап како се поставени индикаторите, а кои се од важност за следење на резултатите за политиката)? | | |
| 5. Ако постојат само општи индикатори/резултати, дали постојат одредени специфични индикатори кои можат да се сугерираат за да подобро се следи примената на РЕСИ во мерките и интервенциите на политиката? | | |
| 6. Дали ако се поставени индикатори кои се родово и специфично-инклузивни постои ли ризик тие да не можат да се собираат (не постојат соодветни алатки за мониторинг) и анализираат тековно. Ако да, како би можело ова да се надмине? | | |
| 7. Дали е планирана периодична евалуација и ревизија на политиката со цел да се оцени нејзиното влијание на среден рок и ако да, дали се остава простор за адаптација на поставените индикатори и резултати? | | |

## Општа оценка за вклученост на РЕСИ во спроведување на политиката

Во табелата подолу потребно е да се означи една од шесте категории за квалитетот на следење и евалуација на политиката од аспект на родовата еднаквост (преку консензус донесен во рамки на групата која ја спроведува анализата).

Согласно добиената оценка групата ќе има подобра општа слика како е интегриран концептот на родовата еднаквост и социјална инклузија во следење и евалуација на политиката.

| Оценка | Опис |
|---|---|
| ☐ **0** | За следење и евалуација на политиката се **целосно исклучени** родови индикатори за да се оцени како политиката би имала влијание во унапредување на родовата еднаквост, а дополнително постои и ризик за засилување на родовите нееднаквости. |
| ☐ **1** | За следење и имплементација на политиката се **вклучени некои** родови индикатори, но истите не се задоволително разделени и инклузивни и не |

| | |
|---|---|
| | постои план за нивно следење и рефлексија, но сепак политиката не се смета дека претставува опасност за генерирање родови нееднаквости, иако од друга страна нема ниту есенцијално значење за родовата еднаквост. |
| ☐ **2** | За следење и евалуација на политиката **постои потенцијал** политиката да има влијание на родовата еднаквост, меѓутоа родовите индикатори не се доволно разделени и инклузивни и не постои план за нивно следење и рефлексија со цел подобро да се оценат ефектите на политиката кон жените, другите ранливи групи и институциите на системот во правец на постигнување на родовата еднаквост. |
| ☐ **3** | За следење и евалуација на политиката, родови индикатори се задоволително разделени и инклузивни, но не постои план за нивно следење и рефлексија и партиципативно учество на ранливите групи, а дополнително родовата еднаквост не е една од главните причини во следење на ефектите на политиката, иако таа има **одреден** придонес кон унапредување на родовата еднаквост. |
| ☐ **4** | За следење и евалуација на политиката, родовите индикатори се задоволително разделени и инклузивни, но не постои план за нивно следење и рефлексија и партиципативно учество на ранливите групи и жените во процесот на евалуација, а дополнително родовата еднаквост не е една од главните причини во следење на ефектите на политиката, иако таа има **значаен** придонес кон унапредување на родовата еднаквост. |
| ☐ **5** | За следење и евалуација на политиката на политиката, родовата еднаквост е една од главните цели и има **фундаментално** значење во унапредување на родовата еднаквост, во која се интегрирани задоволително разделени и инклузивни родови индикатори и постои план за нивно следење и рефлексија, како и партиципативно учество на ранливите групи и жените во процесот на евалуација |

## Наоди и препораки за следење и евалуација на политиката од аспект на РЕ

| **Поглавје** | **Општа оценка** *(Означи оценка од 0 до 5)* | **Наоди и препораки** *Да се даде наративно објаснување за дадената оценка согласно дадените критериуми (опис) за категоријата во табелата за оценка. Да се вклучат референци од политиката каде што е потребно.*<br><br>*Идентификувајте клучни препораки кои би ја зајакнале оправданоста за следење и евалуација на политиката од перспектива на РЕСИ.*<br><br>*500 зборови максимум* |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| **Следење и евалуација на политиката** | | Наоди → До која мера индикаторите се родово-дизагрегирани и социјално инклузивни за да полесно информираат за резултатите од спроведување на политиката кои се од интерес на РЕСИ?<br><br>Колку процесите и телата вклучени во координација, следење и евалуација на резултатите од политиката ги вклучуваат приниципите на РЕСИ?<br><br>**Кратко резиме (не повеќе од 500 збора)**<br><br>Препораки → Идентификувајте клучни активности кои би го подобрило спроведувањето на политиката од перспектива на РЕСИ согласно главните наоди во резимето.<br><br>**Клучни препораки** |

## Речник на поими

| | |
|---|---|
| **Родова еднаквост** | Се однесува на еднаквите права, одговорности и можности на жените и мажите и девојчињата и момчињата. Еднаквоста не значи дека жените и мажите се исти, но дека правата на жените и мажите, одговорностите и нивните можности нема да зависат од тоа дали се родени како мажи или како жени. Родовата еднаквост подразбира дека интересите, потребите и приоритетите на жените и мажите се земаат во предвид, признавајќи ја различноста на различните групи на жени и мажи. Родовата еднаквост не е проблем на жените, но дека треба да ги разбуди и целосно да ги ангажира и мажите како и жените. Еднаквоста меѓу жените и |

| | |
|---|---|
| | мажите се гледа и како прашање на човековите права и како предуслов и индикатор за одржлив општествен развој фокусирани на потребите на луѓето. |
| **Социјална инклузија** | е процес со кој општеството прави напори за да се обезбедат еднакви можности за сите луѓе, без разлика на нивното потекло, а за да можат да го постигнат својот целосен потенцијал во животот. Таквите напори вклучуваат донесување на политики и мерки кои промовираат еднаков пристап до јавните услуги, како и овозможуваат учество на граѓаните во процесите на донесување одлуки кои влијаат на нивните животи. |
| **Родова анализа** | Метод со кои идентификуваме како луѓето заради нивниот родов идентитет или родово изразување можат да бидат поинаку третирани или да имаат поразлично искуство во развивање на своите потенцијали или можности во општетството за разлика од другите. Родовата анализа помага да се добие подобро разбирање за пречките кои ги оневозможуваат луѓето заради нивниот род да учествуваат во општеството и неговите процеси на еднаква основа. Процес за да подобро ги разбереме разликите во улогите, одговорностите и потребите на жените и мажите во било кој даден социјален контекст. Вклучува испитување на тоа како родовите разлики и нееднаквости влијаат врз различни аспекти на животот, вклучувајќи го и пристапот до ресурси, можности и моќ. |
| **Ранливи групи** | Група(и) на луѓе кои се обесправени и кои се повеќе подложни на сиромаштија и социјална неправда за разлика од другите општествени групи, бидејќи имаат помалку моќ, се општествено зависни и се помалку видливи |
| **Маргинализирани групи** | Ги опишува луѓето кои се целосно или парцијално исклучени од учество во општеството во кое живеат и кои не можат да ги остварат своите права на образование, вработување, здравство итн. заради нивните идентитетски карактеристики и заради општествената стигма и дискриминација. |
| **Сексуална ориентација** | Се однесува на способноста на секое лице да чувствува емоционална, физичка или сексуална привлечност, како и да има интимни и сексуални врски, со друго лице без разлика на полот или родот. |
| **Родов идентитет** | Внатрешното чувство на едно лице да се доживува целосно како женско, или целосно како машко, или да има карактеристики и на женско и на машко. Ова внатрешно чувство може но и не мора да се усогласи со биолошкиот пол на лицето кое му е назначен при раѓањето. |
| | Се однесува на општествените карактеристики и можности поврзани со тоа да се биде маж и жена и односите помеѓу жените и мажите и девојчињата и момчињата, како и односите помеѓу жените и оние помеѓу мажите. Овие карактеристики, можности и врски се општествено конструирани и се учат преку процесите на социјализација. Тие се специфични за општествениот контекст и времето и се променливи. Родот одредува што се очекува, е |

| | |
|---|---|
| **Род** | дозволено и е вреднувано од жената или мажот во дадение социјален контекст. Во повеќето општества постојат разлики и нееднаквости помеѓу жените и мажите во одговорности кои им се доделуваат, активности кои ги преземаат, пристапот и контролата врз ресурсите и приходите, како и можностите за донесување одлуки. |
| **Родови стереотипи** | Се однесува на однапред создадени идеи со кои на жените и мажите произволно им се припишуваат одредени карактеристики и улоги одредени и ограничени од нивниот пол. |
| **Интеграција на РЕСИ** | Се однесува на вклучување на стратегии и пристапи при проценка на политики/програми/проекти, нивно развивање, спроведување и евалуација, а со цел да се земат во предвид перспективите на родовата еднаквост и социјалната инклузија за сеопфатно и соодветно адресирање на родовите нееднаквости и социјалната исклученост. |
| **Интерсекционалност** | Се однесува на начинот на кој повеќекратните идентитетски карактеристики (како род, раса, пол, социјално-економски статус, сексуална ориентација, попреченост, родов идентитет) се комбинираат и пресретнуваат за да креираат различни потреби кај луѓето, и на начинот на кој повеќекратните форми на дискриминација (како сексизам, расизам, хомофобија, класна дискриминација) се комбинираат и испреплетуваат на начин кој влијае на искуството и животите на лицата како резултат на нивните мултикратни идентитетски карактеристики. На пример Ромка која живее во рурална средина и има физичка попреченост се соочува со повеќекратни идентитетски карактеристики и овие идентитети ќе влијаат на начинот на кој општеството ќе ја третира и како таа ќе може да ги остварува своите социјални, здравствени и економски права. |
| **Родови индикатори** | Се податоци за следење на родовите разлики, промените што настануваат низ времето и што се врзани за родовите карактеристики и напредокот кон постигнувањето на целите на родовата еднаквост. |

## Анекс А Помошна алатка на прашалникот за анализа на РЕСИ

Во табелата подолу, за секое од прашањата во водичот за анализа на политиката, се дадени потпрашања (преку конкретни примери) кои треба да го помогнат креативниот аналитички процес во креирањето на политиките од перспектива на РЕСИ.

Табела 1: РЕСИ проценка за ОПРАВДАНОСТ за донесување на политиката

| **Прашања за проверка** | **Помошни прашања/примери** |
|---|---|
| 1. Дали при елаборирање на проблемите | Ако се работи за Национална стратегија за |

| | |
|---|---|
| и предизвиците во државата со кој се објаснуваат причините и оправданоста за донесување на политиката се анализирани и различните социјални, културни, економски и политички состојби на жените, мажите и маргинализираните групи? | вработување, дали се земени во предвид економските потреби на Ромките како една од најмалку застапените групи на жени на пазарот на трудот? Дали при тоа се образложуваат нивните социјални и културолошки состојби кои придонесуваат за слабото учество на пазарот на трудот (пр. степен на образование, или традиционалната улога на жената Ромка во семејството)? |
| 2.Дали во анализата на проблемите и проблемите за донесување на политиката се вклучени наоди (од истражувања, национални статистички податоци) од претходно идентификувани родови нееднаквости и социјална дискриминација кои се значајни за политиката? | Дали Националната стратегија за млади повикува на одредени факти/наоди од претходни релевантни истражувања каде некоја ранлива група на млади или девојките се повеќе подложни на дискриминација (на пример поради физичка или интелектуална попреченост) или нееднаков третман при користење на здравствени услуги (пример избор на матичен гинеколог)? |
| 3. Дали дел од проблемите и фактите кои ги идентификува политиката се однесуваат и на предизвици/недоследности поврзани со родовата нееднаквост и социјалната исклученост на одредени целни групи? | Дали во локалниот акциски план за справување со дискриминација се води дискусија за ЛГБТИ заедницата, лицата со попреченост, Ромите – групи кои се често предмет на дискриминација во општеството. Или ако се работи за локален акциски план за вработување дали се идентификувани родови празнини по прашање на вработени жени наспроти вработени мажи и дали е направена анализа за факторите кои придонесуваат за ваквите нееднаквости по прашање на вработување на територија на општината)? |
| 4. Дали во фактите со кои се објаснуваат причините за донесување на политиката се вклучени разделени податоци по основ на пол, род, возраст, попреченост или друг основ на социјална ранливост или маргинализација? | Дали во локалниот акциски план за здравство постојат податоци за процентот на пациентки на ниво на општината кои имаат избрано матичен гинеколог? Постојат ли притоа и податоци колкав е тој процент кај лица со попреченост, или кај Ромките, како посебно ранливи групи? |
| 5. Ако не се презентирани разделени податоци, дали е наведена причина зошто овие податоци се исклучени во објаснување на состојбите и предизвиците кои се клучни за донесување на политиката? (пр. недостапни статистички податоци, одредени индикатори се несоодветни за да можат да се разложат по пол, род, возраст, попреченост) | На пример одредените индикатори се несоодветни за да можат да се разложат по пол, род, возраст, попреченост во локалниот акциски план за здрава животна средина. |
| 6. Дали главната/и целна група/и за кого/кои првенствено е наменета политиката се смета за исклучена или маргинализирана и дали ваквата констатација е подржана со соодветна статистика/евиденција, односно факти базирани на докази? | Дали постои добро аргументирана анализа од релевантни истражувања заедно со статистика која укажува дека конкретната маргинализирана група (на пример ЛГБТИ заедницата) треба да биде приоретизирана со мерките од акцискиот план за еднаквост и недскриминација? |
| 7. Колку капацитетите на националната или локалната власт/нејзините институции да ја применат политиката се земени предвид во предлог политиката која делува и работи со исклучени групи | Дали во локалниот план за родова еднаквост се анализираат предностите, слабостите и можностите на |

| | |
|---|---|
| на граѓани и жени,?<br>Дали во објаснување на причините и проблемите се елаборираат предизвиците поврзани со недоволно развиените капацитети и ресурси на органите на државната управа (или локалната власт) да може да делува и работи со ранливите групи на граѓани и/или жените за да се надминат ваквите негативни состојби? | локалното координативно тело која е одговорна за следење на родовата еднаквост на ниво на општината? Има ли анализа на конкретни вештини или компетенции кои им се потребни на членовите на групата, пр. за подобро запознавање на потребите и проблемите на лицата со попреченост? |
| 8. Дали во анализата на проблемите се воочува на потенцијални ризици кои би се појавиле со  зајакнување на концептот на РЕСИ во политиката, заедно со план како да се надминат овие ризици ( на пример во случај кога група на мажи активно би ги попречувале мерките на општината во кои се предвидуваат обуки за невработените жени за да стекнат нови вештини за работа и со тоа поактивно се вклучат на пазарот на трудот)? | На пример групи мажи кои активно би го попречувале економското зајакнување на жени од некоја маргинализирана група (пр. во Ромска средина од страна на Ромите), а план за надминување на овој ризик би биле едукација на мажи Роми за социјалните бенефити од поголемото вклучување на Ромките на пазарот на трудот. |
| 9. Дали во објаснувањето на проблемите и состојбите се посочува на изградени капацитети кои постојат во граѓанското општество кои може да придонесат кон унапредување на РЕСИ во политиката, како и за нивната улога во спроведување на политиката? | Дали во акцискиот план за образование се наведуваат конкретно НВО кои работат со лица со попреченост, какви се нивните капацитети и кои се предностите со нивното вклучување како подеднакви партнери на општината – дали и колку може акцискиот план за образование да биде поинклузивен и за лицата со попреченост ако се вклучат локални организации во нејзино спроведување? |
| 10. Дали во објаснување на проблемите и состојбите за важноста од донесување на  политиката се идентификувани проблемите и потребите на одредени целни групи од аспект на интресекционална родова анализа (пр. се идентификувани различни бариери на пристап до социјални услуги за жените од градските средини во споредба со оние од руралните средини)? | Дали во локалниот план за социјална политика и здравство се идентификувани различни бариери на пристап до здравствени и социјални услуги за жени од градски средини во споредба со рурални средини на ниво на општината или цела држава? |
| 11. Дали постои сеопфатна интерсекционална родова анализа при објаснување на проблемите и состојбите во дадената политики за да се излезе во пресрет на потребите на различни ранливи целни групи, жените и децата? | Дали во акцискиот план за вработување покрај тоа што е укажано на постоење на родови празнини на вклученоста на жените на пазарот на трудот се адресираат и другите фактори на маргинализација кои оневозможуваат одредени суб-групи на жени да пристапат до пазарот на трудот, како на пример Ромките (заради етничката припадност), или „уште подалеку„ кај Ромките со попреченост? |

Табела 2: РЕСИ проценка за СПРОВЕДУВАЊЕ на политиката

| **Прашања за проверка** | **Помошни прашања/примери** |
|---|---|
| 1. Дали во главните цели и мерките кои се | Дали во локалниот акциски план за вработување, |

| | |
|---|---|
| предвидуваат во спроведување на политиката се вклучени аспектите на родовата нееднаквост и социјална исклученост како што се идентификувани во проблемите и оправданоста за донесување на политиката? Ако не, дали се препорачува во делот на мерките и активностите за спроведување на политиката како овие прашања/проблеми може да се надминат и/или унапредат? | вработувањето на жените е ставен како еден од главните приоритети на политиката? Во националната стратегија за борба против дискриминација, ЛГБТИ лицата не се ставени како приоритетна група, ама се препорачуваат специфични активности како да се надминат предизвиците со дискриминација кон оваа целна група во разни сфери на општественото живеење. |
| 2. Дали предложените активности и мерки на политиката вклучуваат специфични акции поврзани со родот, родовата еднаквост и социјалната исклученост? Дали активностите се соодветни и го задоволуваат концептот на РЕСИ за да не предизвикаат обратен ефект, односно доведат до зголемување на нееднаквоста? | Дали во локалниот акцискиот план за образование се планираат интервенции како да се зголеми степенот на образование на Ромките? Дали ако се планирани обуки за неформално образование на Ромки, предлог темите одговараат на потребите за нивен кариерен развој и се согласно потребите на општината или се предвидуваат обуки кои нема видно да придонесат за понатамошно вработување на жените и само ќе ја зголемат нееднаквоста? |
| 3. Дали предложените мерки и/или активности вклучуваат пристапи како да се зајакнат жените (пр. да се создаде заедница/група на жени и да се работи на нивна поддршка, на пример градење на кариерни вештини на жените, обуки за родова еднаквост за мажи со цел нивно активно вклучување во промоција на РЕСИ, обезбедување на можности на жените да учествуваат во креирање на политики на локално ниво, зголемен пристап до социјални услуги за жените, подигање на јавната свест на населението за надминување на родовите стереотипи и традиционалната улога на жените...) ? | На пример дали се планира формирање на група на жени жртви на насилство за поддршка, градење на капацитети на жените за претприемаштво, обуки за родова еднаквост за мажи за активни промотори за родова еднаквост, обезбедување на можности на жените да учествуваат во креирање на политиките на ниво на општина, поддршка на младите во образованието за надминување на родовите стереотипи и традиционалната улога на жените. |
| 4. Дали предложените мерки и активности вклучуваат пристапи со кои ќе се зајакне положбата и капацитетите (нови вештини, знаења, пракса) на ранливите и маргинализирани групи (пр. вклучување на лица со различна попреченост за стекнување на вештини за работа, подобрување на здравствениот персонал за работа со лица со попреченост, зголемување на пристапот до социјални услуги за мигранти/бегалци, зголемување на вклученоста на лицата со попреченост во донесување на политики на национално ниво)? Кои се тие групи и дали овие групи ги оправдуваат проблемите и состојбите кои се идентификуваат во потребата за донесување на политиката? (се во линија, се оправдливи согласно спроведуваната | На пример во политиката за вработување се таргетираат лица со различна попреченост, се обезбедуваат обуки за градење на вештини на лица со попреченост според степенот на попреченост, постојат активности за зголемување на пристап до здравствени услуги за мигранти/бегалци, постојат мерки за зголемување на партиципацијата на лица со попреченост во донесување на политики на локално ниво. |

| | |
|---|---|
| политиката) | |
| 5. Дали во политиката се земени предвид активности и мерки за градење на знаења и вештини на различни групи, на пример активности за работа со мажи за примарна превенција од насилство, обуки на жени/други ранливи групи за стекнување дополнителни кариерни вештини за вработување, или пак семинари за претставници на органи на државната управа со цел да се сензибилизираат и имаат подобро разбирање за концптот на РЕСИ, но и да бидат негови идни промотори и застапувачи во јавниот простор? | Дали во националната стратегија за родова еднаквост се планираат обуки за РЕСИ на претсавници од државни институции? Дали се зема во предвид различностите во изборот на учесници од државните институции (пр. Ромки, лица со попреченост). Дали на обуките е планирано и учество на НВОи кои ги преставуваат потребите на одредени маргинализирани заедници? |
| 6. Дали во политиката се земени предвид активности за споделување на знаења и искуства (на пример меѓу НВОи и центрите за социјална работа за превенција и грижа од семејно насилство), или  евалуација на родовите аспекти и социјалната исклученост (пр. До кој степен акцискиот план за вработување на општината е ефикасен во зголемување на партиципацијата на жените на пазарот на трудот) со цел подобро да се процени влијанието на родовите нееднаквости врз зајакнувањето на потенцијалите и благосостојбата на жените? | Дали во локалниот акциски план за вработување се планира спроведување на евалуација за нејзините ефекти? Ако да, дали евалуацијата ги зема во предвид родовите димензии или социјалната исклученост? Дали се планирани средби за рефлексии за тоа колку акцискиот план придонел во подобрување на РЕСИ и кои се научените лекции за понатамошно нивно подобро интегрирање при креирање на политиките? |
| 7. Дали во политиката, граѓанските организации/ неформални групи на ранливите заедници се јавуваат како спроведувачи на одредени активности и мерки согласно нивното искуство и експертиза во областа на РЕСИ? Дали тие се соодветно вклучени во активностите за да придонесат кон донесување на подобри резултати при спроведување на политиката од перспектива на РЕСИ? | Дали се мапирани одредени НВОи кои имаат искуство и експертиза за работа на родови прашања или маргинализирани групи. Дали во активностите од акцискиот план одредени НВОи се носители за нивно спроведување. Дали се предвидени активности за заедничко учење и координација за РЕСИ меѓу локалната власт и локалните НВОи? |
| 8. Дали мерките и активностите  кои се предвидуваат во политиката се во согласност и придонесуваат во подобрување на целите од Законот за еднакви можности на жените и мажите? Ако постојат законски отстапувања, како отстапките може да се надминат со цел да се усогласат принципите на РЕСИ од политиката со законската регулатива? | Во кои членови/обврски од Законот за еднакви можности, локалниот акциски план за борба против дискриминација придонесува во зајакнување на РЕСИ? Дали постојат активности кои се спротивни на члeновите од законот? Дали акцискиот план ќе придонесе во голема мера да се унапреди РЕСИ на локално нови согласно законската регулатива или нема да има посебно влијание? |
| 9. Дали мерките и активностите  од политиката се соодветни и ги надополнуваат целите и активностите кои се предвидуваат во релевантните области од тековната Национална стратегија за родова еднаквост?  Дали постојат поголеми | Во кои делови/активности од националната стратегија, локалниот акциски план за борба против дискриминација придонесува во зајакнување на РЕСИ? Дали постојат активности кои се спротивни на принципите на националната стратегија? Дали акцискиот план ќе придонесе во |

| | |
|---|---|
| отстапувања и како тие може да се надминат со цел да се усогласат принципите на РЕСИ од политиката со националната стратегија? | голема мера да се унапреди РЕСИ на локално нови согласно националните политики или нема да има посебно влијание? |
| 10. Дали во мерките и активностите од политиката се земени во предвид потребите на различни социјални групи од аспект на интресекциска родова анализа (пр. се идентификувани специфични активности за да се подобри пристапот до гинеколошки услуги на жените од руралните средини споредено со жените од градските средини)? | Дали во локалниот акциски план за здравство се идентификувани различни бариери на пристап до здравствени услуги за жени од градски средини во споредба со рурални средини? Дали посебно се анализираат здравствените потреби на жените со попреченост? |
| 11. Дали се наведени соодветни извори на финансирање, или други ресурси, па и конкретни буџети за спроведување на активности кои го унапредуваат концептот на РЕСИ во рамки на мерките и активностите предвидени со политиката? | Дали во РЕСИ активностите има наведени институции како одговорни тела за спроведување на активностите од националниот акциски план за родова еднаквост ? Дали е посочено од каде ќе се издвојува буџет за нивно спроведување (посебна програма, меѓународен проект или слично)? |
| 12. Дали постојат (и се соодветни) буџетите за градење на капацитети на органите на државната управа (локална власт) и/или лицата кои се одговорни за координација, спроведување и следење на политиката за аспекти и прашања од областа на РЕСИ кои им се потребни ? | Дали во националната стратегија за борба против дискриминација, се планираат буџети за обуки за сензибилизација на претставници од државните органи околу ЛГБТ прашањата, или за усвојување знаења за различни алатки за мониторинг и евалуација |

Табела 3: РЕСИ проценка за СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА на политиката

| Прашања за проверка | Помошни прашања/примери |
|---|---|
| 1.Дали во планот за координација, следење и евалуација се предвидува собирање на податоци по пол, возраст, попреченост (или друга форма на исклученост) за да подобро се информира/се следи ефикасноста на резултатите од спроведување на политиката од значење на РЕСИ? | Дали во акцискиот план за родова еднаквост, се предвидува собирање на податоци за жртви на насилство врз основа на попреченост и етничка припадност или друга социјална карактеристика? |
| 2. Дали во политиката се планира формирање на посебно тело за следење и евалуација и ако да, дали во нивните задачи е наведено следење на прогресот од аспект на РЕСИ? Дали жените и маргинализираните групи се партиципативно вклучени во рамки на телото и планот за следење и евалуација на мерките и активностите од политиката? | Дали во националниот акциски план за образование постои тело формирано од Министерството за образование и наука за да ги следи индикаторите на успех поврзани со активностите за РЕСИ. Дали се наведени кои НВО ќе учествуваат или како ќе се овозможи партиципацијата на граѓанскиот сектор кој работи на родови прашања и маргинализирани групи во оваа тело? |
| 3. Дали во планот за следење на политиката се вклучуваат средби за рефлексија или работилници со разни чинители за да се разговара дали и во која мера концептот на РЕСИ е земен во предвид при спроведување на политиката? | Дали постои посебно тело за координација или следење и евалуација која периодично заседава и дискутира за спроведување на активностите за РЕСИ и за научените лекции со цел да се подобрат стратегиите и пристапите за вклучување на РЕСИ? |
| 4. Дали индикаторите/резултатите од планот за следење се соодветно родово-димензионирани | Дали во M&E планот за справување со дискриминација се планира да се следат |

| | |
|---|---|
| и инклузивни на потребите на одредени ранливи или маргинализирани групи (постои ли интерсекционален пристап како се поставени индикаторите, а кои се од важност за следење на резултатите за политиката)? | случаи по различни основи? Дали има консензус по кои основи ќе се следат случаите на дискриминација и дали одредени целни групи кои се особено ранливи на стигма и дискриминација се исклучени (пр. родов идентитет и сексуална ориентација)? |
| 5. Ако постојат само општи индикатори/резултати, дали постојат одредени специфични индикатори кои можат да се сугерираат за да подобро се следи примената на РЕСИ во мерките и интервенциите на политиката? | Дали во локалниот акциски план за вработување постојат индикатори за лица со попреченост? Ако не, дали е оправдано да се интегрираат активности кои ќе придонесат за поголемо вклучување на лицата со попреченост на пазарот на трудот и со тоа унапреди концептот на РЕСИ во спроведување на политиката? |
| 6. Дали ако се поставени индикатори кои се родово и специфично-инклузивни постои ли ризик тие да не можат да се собираат (не постојат соодветни алатки за мониторинг) и анализираат тековно. Ако да, како би можело ова да се надмине? | Ако во локалниот акциски план за родова еднаквост постои индикатор со кој се следи бројот на жени од рурални средини кои немаат избрано матичен гинеколог, постои ли опасност овој индикатор да не биде собиран? Постои ли посебна алатка како ќе се собира овој индикатор и која институција би била одговорна? |
| 7. Дали е планирана периодична евалуација и ревизија на политиката со цел да се оцени нејзиното влијание на среден рок и ако да, дали се остава простор за адаптација на поставените индикатори и резултати? | Дали ако се планирани истражувања/студии во рамки на акцискиот план за вработување се укажува дека една од нивните цели е и да се евалуираат релевантноста, ефикасноста и ефективноста од нејзиното спроведување од аспект на РЕСИ? |

## Анекс А: РЕСИ Семафор – Брз водич за оценка на политиката

| | | |
|---|---|---|
| **Политиката НЕ е сензитивна на РЕСИ** | **Целосно отсуствува концептот за РЕСИ** | Родовите норми и нееднаквите односи на моќ или потенцијалните можности на социјалното вклучување не се земени во предвид при развојот и спроведување на политиката. Не постојат разделени податоци по род, раса, попреченост, економски статус или други основи на маргинализација. Нема дискусија или анализа како родот или исклученоста на одредени социјални групи во средината каде се спроведува политиката ќе влијае на унапредување на родовата еднаквост и социјалната инклузија. |

| | | |
|---|---|---|
| | **Експлоатирачки однос кон РЕСИ** | Политиката ги засилува родовите нееднаквости и социјалното исклучување на жените и одредени ранливи и маргинализирани групи. На пример во локалниот акциски план на некоја општина се вклучени активности каде се очекува невработени мајки да волонтираат заедно со учениците (нивните деца) во училиштето за промоција на здравата животна средина, но без затоа да добиваат одреден надомест или друга директна бенефиција од активноста. Вклучувањето на вакви мерки ја искористува неплатената работна сила на жените и уште толку ја продлабочува нивната економска ранливост. |
| | **Не се препознаваат аспекти на РЕСИ** | Родовите норми и социјалните нееднаквости се признаваат како клучни аспекти на контекстот во кој се спроведува политиката, но не постојат специфични мерки и цели како да се адресираат предизвиците поврзани со родот и социјалната исклученост. |
| **Политиката Е сензитивна на РЕСИ** | **Постои прилагоденост кон РЕСИ** | Ја признава потребата од интегрирање на РЕСИ во политиката и се адресираат мерки поврзани со родот, расата, попреченоста и други социјални разлики за остварување на целите. На пример, мерките ги адресираат практичните потреби на жените за пристап до методи за планирање на семејството, но не се справува со корените/причинителите од каде потекнуваат предизвиците со недоволна пристапност до контрацепција која влијае на родовите нееднаквости. Ова може да се смета за "пропуштена можност" за да се направи вистински исчекор кон поместување во родовите норми. Сепак, овие политики претставуваат своевиден прв критички чекор кон унапредување на родовата еднаквост и трансформирање на социјалната инклузија. |
| | **Трансформативен (Сеопфатен) пристап кон РЕСИ** | Политиката сеопфатно го адресира вклучувањето и трансформирањето на родот и родовите улоги, како и социјалните нееднаквости за да се постигнат одржливи промени, родова еднаквост и социјална вклученост на исклучените групи. Родовите стереотипи и дискриминаторските норми се „предизвикуваат“, а политиката се обидува да ги трансформира нееднаквите односи на моќ помеѓу социјалните групи, момчињата и девојчињата, мажите и жените преку промени на улогите, статусот во општеството и прераспределбата на ресурсите. |

## Анекс Б: Листа за проверка за интегрираноста на РЕСИ во политиките

Оваа листа за проверка е корисна алатка за анализа на интегрираноста на РЕСИ во политиките која може да се применува како алтернативна метода на претходно предложената рамка (иако во основа и двете алатки се доста слични). Таа претставува одредена адаптација на алатката која е настаната по долгогодишно истражување за FCDO[15] програмирањето на развојната помош во Непал од страна на Адам Смит Интернешнал, а помогнато од Британската Амбасада во Катманду.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1. Анализа на РЕСИ** | Дали во политиката е вклучена оперативна и интерсекционална анализа за родовата еднаквост и социјалната инклузија за бариерите и другите проблеми со кои се соочуваат жените и ранливите групи?<br>Дали анализа на РЕСИ е користена во дизајнирање и спроведување на мерките и интервенциите во политиката, вклучувајќи и нивна адаптација според потребите?<br>Дали во политиката се планира спроведување на анализа за РЕСИ на тековно ниво за да се информира за потребата од ревизија на интервенциите и мерките | **ДА**<br><br>**ДЕЛУМНО**<br><br>**НЕ** | **Забелешки, наоди:** |
| **2. Фокусирани интервенции на РЕСИ** | Дали политиката вклучува интервенции кои се специфично фокусирани на РЕСИ, а кои се претходно базирани на анализа на РЕСИ?<br>Дали се очекува резултатите на овие интервенции да доведат до реални промени, на пример економско зајакнување на одредена група, промена на однесувањето, или пак да се влијае на позитивна промена во некоја сфера на општественото живеење?<br>Дали во политиката постои јасна врска меѓу интервенциите кои се специфични на РЕСИ и другите интервенции кои се планирани да се спроведат? | **ДА**<br><br>**ДЕЛУМНО**<br><br>**НЕ** | **Забелешки, наоди:** |

[15] Foreign, Commonwealth & Development Office

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3. Партиципација и опфат** | Дали политиката прави напори да ги опфати жените и маргинализираните групи за да се решат нивните основни потреби и да ги адресира бариерите кои им оневозможува да учествуваат во општествените процеси?<br>Дали политиката јасно ги специфицира целните групи кои има намера да ги опфати, вклучувајќи ги и оние кои се соочуваат со повеќекратни форми на дискриминација?<br>Дали анализата на РЕСИ е користена во дизајнирање на стратегии со кои се поттикнува учеството на разни ранливи групи и жени во спроведување на политиката? | **ДА**<br><br>**ДЕЛУМНО**<br><br>**НЕ** | **Забелешки, наоди:** |
| **4. Партнерства** | Дали политиката планира воспоставување на партнерства со организации кои работат со жени и маргинализирани групи за разни цели при нејзино спроведување?<br>Дали профилот на партнерите одговара на профилот на маргинализирани групи што програмата се обидува да ги опфати?<br>Дали со вклучување на партнерите се зајакнува фокусот на РЕСИ низ политиката, или тој е повеќе декларативен? | **ДА**<br><br>**ДЕЛУМНО**<br><br>**НЕ** | **Забелешки, наоди:** |
| **5. Буџетирање** | Дали политиката посочува извори на финансирање за специфичните интервенции за РЕСИ и дали постојат конкретни буџети за спроведување на ваквите интервенции?<br>Дали политиката вклучува конкретни буџети за внатрешните аспекти за нејзино спроведување (пр. обука за тимот за координација, или за партнерите за теми како родова еднаквост, дискриминација или анализа за РЕСИ) или надворешни аспекти (програмски интервенции)?<br>Дали политиката вклучува аспекти за следење на трошоците на специфичните интервенции поврзани со РЕСИ? | **ДА**<br><br>**ДЕЛУМНО**<br><br>**НЕ** | **Забелешки, наоди:** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **6. Ризици** | Дали политиката ги зема во предвид потенцијалните ризици поврзани со вклучувањето на РЕСИ во интервенциите (на пример реакции на заедницата заради напорите на политиката да се направат промени кои се спротивставуваат на традиционалните норми, или пак насочување на ресурсите кон одредени маргинализирани групи кои не се социјално прифатени во општеството)?<br>Дали се направени соодветни напори во рамките на политиката за да се намалат ефектите на идентификувани ризици поврзани со вклучувањето на специфичните интервенции на РЕСИ?<br>Дали некои од идентификуваните ризици поврзани со вклучувањето специфичните интервенции на РЕСИ се следат како дел од севкупните процеси за управување со ризиците на политиката? | **ДА**<br><br>**ДЕЛУМНО**<br><br>**НЕ** | **Забелешки, наоди:** |

| **Број** | **Активност (за подобрување)** |
|---|---|
| 1. | |
| 2. | |
| 3. | |
| 4. | |
| 5. | |

## Библиографија


1. HM Government and CSSF Global MEL Partnership (2022). “CSSF GESI Guidance Marker” https://assets.publishing.service.gov.uk/media/66670bb43d0e9a43f75f63cb/ISF_GESI_Marker__Guidance_.pdf

2. Adam Smith International and British Embassy Kathmandu (2024). “Gender Equality and Social Inclusion Mainstreaming Research. Final Report” https://assets.publishing.service.gov.uk/media/663e0f65b7249a4c6e9d3264/EACDS_2215_Nepal_BEK_GESI_Final_Report_24_04_19.pdf

3. USAID (2020). “Gender Equity & Social Inclusion in Project Management Workbook” https://pdf.usaid.gov/pdf_docs/PA00Z4P5.pdf

4. International Development Partners Group, Nepal (2017). “A Common Framework for Gender Equality & Social Inclusion” https://un.org.np/sites/default/files/doc_publication/201901/GESI%20Framework_English%2020.07.2017_opt.pdf

5. World vision (2020). “A Toolkit for Integrating Gender Equality and Social Inclusion. In Design, Monitoring and Evaluation” https://wvusstatic.com/evidence/docs/GESI-in-DME-Toolkit_English-2023-FINAL.pdf

6. World Vision (2023). “Gender Equality and Social Inclusion. Approach and Theory of Change” https://www.wvi.org/sites/default/files/2023-07/WV-GESI-Approach-Theory-of-Change-2nd-Edition-2023_0.pdf

7. IPPF (2019). “Gender equality toolkit for IPPF Member Associations: Gender Assessment Tool” https://www.ippf.org/sites/default/files/2019-07/Gender%20assessment%20tool%20-%20English.pdf

8. Girls’ Education Challenge (2019). “Gender Equality and Social Inclusion (GESI) Self-Assessment Tool for Projects Guidance Document” https://hc.girlseducationchallenge.org/media/uhqpl52c/gesi_tool_external_october_2019.pdf

9. Foreign Commonwealth & Development Office and UK International Development (2023). “How to Guidance Note on Gender Equality and Social Inclusion”